Република Македонија
Национална установа
Театар за деца и младинци
Бр. 02-599/3
16. 07. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ“ бр.167/2015 и 27/16), член 76, 76-ж, 77-е и 77-ж од Законот за култура („Сл. весник на РСМ“ 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РСМ“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18 и 198/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Театар за деца и младинци – Скопје, согласно Записникот од Комисијата за спроведување на постапка за вработување во НУ Театар за деца и младинци - Скопје со бр.02-599/1 од 11.07.2019 година и Предлог – Одлука за избор на кандидати за вработување со бр.02-599/2 од 11.07.2019 година, директорот на НУ Театар за деца и младинци – Скопје ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати за вработување
## по јавен оглас број 1/2019

По спроведената административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени за јавниот оглас за вработување на 7 (седум) извршители, помошно – технички лица на неопределено време и тоа: 1 (еден) Шминкер, 2 (двајца) Портири, 1 (еден) Тон - Мајстор, 1 (еден) Светло – Мајстор, 1 (еден) Реквизитер и 1 (еден) Гардеробер, како и по спроведеното интервју на Комисијата именувана од страна на министерството за култура за спроведување на постапка за вработување со сите пријавени кандидати на јавниот оглас, директорот донесе Одлука за вработување на следните лица:

- **Игор Петрески** – за работно место Шминкер КУЛ 0405(Б01)006
- **Владимир Стефановски** – за работно место Тон Мајстор КУЛ 0405(А01)004
- **Мартин Митровски** – за работно место Светло Мајстор КУЛ 0405(А01)002
- **Мирка Ѓоргиева** – за работно место Гардеробер КУЛ 0405(В01)004

- **Драган Несторовски НЕ се вработува на работното место Реквизитер КУЛ 0405(Б01)008** (Нема соодветно образование за работното место Реквизитер, да се објави повторно јавен оглас)
- Нема пријавено ниту еден кандидат за работно место **Портир КУЛ 0401(Б02)002**, (да се објави повторно јавен оглас)

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ“ бр.167/2015 и 27/16), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.34/15), и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-1892/2 од 05.02.2019 година, Националната установа „Театар за деца и младинци“ –

Скопје на ден 08.02.2019 година објави јавен оглас во дневните весници „Слободен печат“ на македонски јазик и „Коха“ на албански јазик за вработување на седум (7) помошно – технички лица за следните работни места: еден **Шминкер** со шифра на работно место КУЛ 0405(Б01)006, двајца **Портири** со шифра на работно место КУЛ 0401(Б02)002, еден **Тон Мајстор** со шифра на работно место КУЛ 0405(А01)004, еден **Светло Мајстор** со шифра на работно место КУЛ 0405(А01)002, еден **Реквизитер** со шифра на работно место КУЛ 0405(Б01)008 и еден **Гардеробер** со шифра на работно место КУЛ 0405(В01)004 на неопределено време. Заради распишувањето на претседателските избори постапката за вработување беше ставена во мирување и истата продолжи по нивното целосно завршување. По спроведената постапка за вработување, административната селекција и проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто спроведено од Комисијата за вработување именувана од Министерството за култура на ден 11.07.2019 година, Записникот од Комисијата за вработување со бр.02-599/1 од 11.07.2019 година и Предлог – Одлуката за избор на кандидати за вработување со бр.02-599/2 од 11.07.2019 година, имајќи го предевид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ „Театар за деца и младинци“ - Скопје

16.07.2019 година
Доставено до:
Архива и
Кандидати
Огласна табла и веб страна

НУ Театар за деца и младинци - Скопје
Директор
Катарина Илиевска Сиљановска

Н.У. ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СКОПЈЕ - Р.МАКЕДОНИЈА
1